**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и втората седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 9.8.2017 година**

**Скопје, август 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и втората седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 9.8.2017 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија, Билен Саљији, министер за правда, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Оливера Нечовска и Снежана Нацаковска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Висар Ганиу, заменик на министерот за образование и наука, д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Мирјана Јанева, шеф на Кабинет на претседателот на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Муарем Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија и Зоран Ѓорѓиев, директор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - п.о. Скопје.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на

Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 14-та седница на Владата, одржана на 11.07.2017 година
- Усвојување на Записникот од 16-та седница на Владата, одржана на 25.07.2017 година
- Усвојување на Записникот од 18-та седница на Владата, одржана на 31.07.2017 година
- Усвојување на Записникот од 20-та седница на Владата, одржана на 4.08.2017 година
- Усвојување на Записникот од 21-та седница на Владата, одржана на 5.08.2017 година

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) Гости

1. Годишна сметка на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - п.о. Скопје за 2016 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - п.о. Скопје во 2016 година, со Извештај од независниот ревизор, Дополнување кон материјалот и Предлог – одлука

2. Информација за решавање на проблемите во однос на понатамошното функционирање на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие Македонијапат - Скопје

3. Извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2016 година, со Годишен финансиски план за 2016 година

4. Предлог - одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија

5. Извештај за работата на Судскиот буџетски совет и за реализацијата на судскиот буџет за 2016 година

**б) економски систем и тековна економска политика**

6. Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Македонија за 2016 година

7. Предлог - уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2018 година

8. Информација во врска со побарувањата на Министерството за финансии по основ на користен кредит од страна на МЈП „Проаква“ Струга по основ на Поддоговорот за кредит (Акциска програма за унапредување на општините и животната средина) во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга

9. Информација за потребата од давање на согласност на Центарот за управување со кризи за проектот - Изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија

10. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Паранива“ општина Велес, „Орловац“ с.Кечевце и с.Зубовце општина Куманово, „Турско Рударе“ општина Чешиново-Облешево, општина Кочани и општина Пробиштип и „Дрвош“ општина Босилово по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/2016), со Тендерска документација

11. Информација во врска со извршениот надзор од страна на Комисијата за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објект за сместување Хотел Горица – Охрид, со Предлог – решение

12. Информација во врска со формирање на нова комисија за вршење на постојан и редовен надзор на спроведувањето на договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрани склучени со Министерството за економија

13. Информација во врска со формирање на работни групи за подготовка на Нацрт - текст на нов Закон за енергетика

14. Информација за активности кои треба да бидат преземени од страна на надлежните институции на Република Македонија во делот на заедничката македонско-бугарска државна граница од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50

15. Информација за проблемите при спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/16) во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

**в) политички систем**

16. Извештај за извршени преговори за текстот на Протоколот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој, со усогласен текст на Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој

17. Информација за потребата од изготвување на стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акциски план за нејзино спроведување

18. Информација за утврдените активности на регионалните бизнис центри, формирани во рамки на центрите за развој на планските региони

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

19. Предлог - закон за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина, по скратена постапка

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

20. Предлог - одлука за престанок на важење на Одлуката за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовна активност „Здружена реакција 17“

21. Предлог - одлука за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовна активност „Здружена реакција 17“

22. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Врховниот суд на Република Македонија

23. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Апелационен суд Гостивар

24. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот суд Скопје II - Скопје

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

25. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура

26. Предлог - одлука за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

27. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2016 година

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

28. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 во делот „Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост“ од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015 и 23/2016)

29. Понуда од Нотар Катерина Митревска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.3371 за КО Драчево 2 на КП 6530, викано место „Шутдаб“

30. Понуда од нотар Никола Кузманоски за продажба на дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.7 за КО Љубаништа на КП 1347 на викано место/улица „Рајца“

31. Понуда од нотар Стела Лазаревска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.1001 за КО Усје на КП 904 место викано „Смоквини“

**д) други предлози**

32. Кадровски прашања

33. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

34. Извештај за реализација на Програмата за развој на туризмот на Република Македонија за 2016 година

35. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“ за период 2014 година - 2018 година

36. Информација за регистрирани инциденти на насилство во училиштата и преземени мерки во периодот од 1.4.2017 до 30.6.2017 година

37. Информација за активности на Министерството за внатрешни работи во делот на заштита на права од интелектуална сопственост во периодот од 1.4.2017 до 30.6.2017 година

38. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.4.2017 до 30.6.2017 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

39. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовна активност „DRAGOON GUARDIAN“

40. Предлог - Годишна програма за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2017 година

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 14-та, 16-та, 18-та, 20-та и 21-та седница на Владата, одржани на 11.7.2017 година, 25.7.2017 година, 31.7.2017 година, 4.8.2017 година и 5.8.2017 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - п.о. Скопје за 2016 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - п.о. Скопје во 2016 година, со Извештај од независниот ревизор, Дополнување кон материјалот и Предлог - одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Македонски шуми“ - п.о. Скопје за 2016 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Управниот одбор на Јавното претпријатие „Македонски шуми“ – п.о. Скопје да постапи по забелешките наведени во Извештајот на независниот ревизор и за тоа да ја информира Владата во рок од еден месец.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за решавање на проблемите во однос на понатамошното функционирање на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие Македонијапат-Скопје, како материјал за информирање.

По овој повод, Владата заклучи Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие Македонијапат-Скопје да ги достават до Владата измените и дополните на Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2017 година и Годишната програма на ЈП за државни патишта со кои изменувања ќе се обезбедат 150 000 000,00 денари за потребите на ЈП Македонијапат-Скопје заедно со обезбедени позитивни мислења од Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Државната комисија за спречување на корупцијата.

Истовремено, имајќи ја предвид потребата од изнаоѓање на подолгорочно решение за понатамошното функционирање и реализација на надлежностите на Јавното претпријатие Македонијапат-Скопје и Јавното претпријатие за државни патишта, Владата заклучи при проектирањето на Буџетот на Република Македонија за 2018 година да се предвидат доволно средства (за набавка на потребната механизација и други потреби) за нормално функционирање и зајакнување на Јавното претпријатие Македонијапат-Скопје.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2016 година, со Годишен финансиски план за 2016 година, како материјал за информирање.

Истовремено, согласно укажувањето на д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, потребно е Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија во иднина да ги изедначи критериумите за добивање на субвенции на тур - операторите и истите транспарентно да ги објави.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Извештајот за работата на Судскиот буџетски совет и за реализацијата на судскиот буџет за 2016 година, поради потребата предлагачот да достави нов текст на Извештајот усогласен со мислењата на Министерството за финансии и Министерството за правда, како и со мислењето на Министерството за информатичко општество и администрација, кое треба да биде подготвено и доставено до предлагачот.

**Точка 6**

Владата го разгледа Годишниот извештај за управување со јавниот долг на Република Македонија за 2016 година, го усвои и заклучи согласно член 27 став 1 од Законот за јавен долг да го достави до Собранието на Република Македонија, за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии да подготви и на некоја од наредните седници на Владата, до крајот на август 2017 година да достави информација за просечната каматна стапка која Република Македонија ја плаќа на годишно ниво кон странските кредитори (Меѓународна банка за обнова и развој, Европска инвестициона банка итн.), по основ на земени кредити, со цел разгледување на можноста за затворање на вкупниот јавен долг на Република Македонија преку друг надворешен кредитор по многу помала каматна стапка од постојните.

**Точка 7**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2018 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за финансии да најави и организира широка расправа во рамките на Заедницата на локалната самоуправа, веднаш по завршувањето на локалните избори во 2017 година, во која ќе биде вклучено и Министерството за локална самоуправа, а во врска со можноста за зголемување на процентот за приходите од ДДВ на општините до 6%. Притоа, на расправата да се разгледа и можноста за доделување повеќе средства од оваа намена кон руралните општини, односно да се предвиди процентуално разграничување.

Согласно ова, по одржувањето на оваа расправа со Заедницата на локалната самоуправа, се задолжува Министерството за финансии до Владата да достави информација за одржаната расправа и предлозите добиени од истата, која да се разгледа на тематска седница на Владата на која ќе се разгледа и понатамошното имплементирање на Законот за локална самоуправа и финансирањето на единиците на локалната самоуправа.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со побарувањата на Министерството за финансии по основ на користен кредит од страна на МЈП „Проаква“ Струга по основ на Поддоговорот за кредит (Акциона програма за унапредување на општините и животната средина) во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга, ја усвои и заклучи:

1. Се препорачува на општините Охрид и Струга и МЈП „Проаква“ Струга, во најкус можен рок, до Министерството за финансии да достават барање за одложување на исплатата на долгот на општините кон Министерството за финансии до февруари 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии откако позитивно ќе одлучи по барањата на општините за одложување на исплатата да ја информира јавноста за помошта на Владата кон општините Охрид и Струга во врска со одлагањето на плаќање на долгот, односно одблокирање на сметките со цел нормално функционирање на општините.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање на согласност на Центарот за управување со кризи за проектот - Изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија (најнов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски, трошоците за дислокација на дел од содржините од административно-техничкиот дел од ПТЦ „Табановце“ во паркинг зоната на ПТЦ „Табановце“ да ги предвиди во вкупните трошоци кои ќе бидат потребни за реализација на проектот - Изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Паранива“ општина Велес, „Орловац“ с.Кечевце

и с.Зубовце општина Куманово, „Турско Рударе“ општина Чешиново-Облешево, општина Кочани и општина Пробиштип и „Дрвош“ општина Босилово по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/2016), со Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршениот надзор од страна на Комисијата за надзор над работата на Комисијата за категоризација на угостителски објект за сместување Хотел Горица – Охрид, со Предлог – решение (најнов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект Хотел Горица – Охрид, со седиште на ул. Наум Охридски бр. 5-7 Охрид, за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со формирање на нова комисија за вршење на постојан и редовен надзор на спроведувањето на договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрани склучени со Министерството за економија и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со формирање на нова Комисија за вршење на постојан и редовен надзор на спроведувањето на Договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрани склучени со Министерството за економија.

2. Се задолжува Министерството за економија во рок од седум дена да формира нова комисија за вршење на постојан и редовен надзор на спроведувањето на концесијата доделена со договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрани склучени со Министерството за економија составена со членови од:

- Министерството за економија (претседател на Комисијата - Исмаил Љума, заменик претседател – Валентина Старделова);

- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори (член – Наташа Велјановска, заменик член -Дане Јосифовски) и

- Министерството за животна средина и просторно планирање (член - Бетим Ламалари, заменик член – Љупка Димчева).

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со формирање на работни групи за подготовка на Нацрт - текст на нов Закон за енергетика и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во рок од седум дена да формира работна група која ќе ги координира активностите поврзани со подготовката на Нацрт - текст на нов Закон за енергетика со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија и Регулаторна комисија за енергетика.

2. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори по потреба да формира подработни групи за подготовка на одредбите кои се однесуваат на пазарот на електрична енергија, пазарот на природен гас, топлинска енергија, нафта и нафтени деривати и обновливите извори на енергија со компетентни претставници од министерствата, институции и останатите чинители од енергетскиот сектор.

3. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во рок од седум дена до Министерството за економија да доставаат номинации на лица за формирање на работната група која ќе ги координира активностите поврзани со подготовката на Нацрт - текст на нов Закон за енергетика.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за активности кои треба да бидат преземени од страна на надлежните институции на Република Македонија во делот на заедничката македонско-бугарска државна граница од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50 и ја усвои со следниот заклучок:

- Се укажува на ЈП „Македонски шуми“ - Скопје да отпочне активности за чистење на дрвјата и жбуновите на потегот од 3 (три) метри на катастарските парцели со шума во приватна сопственост кои се наоѓаат во делот на заедничката македонско-бугарска државна граница од граничната пирамида број 1 до граничната пирамида број 50.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проблемите при спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/16) во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и го усвои и заклучи:

- Се задолжува Министерството за здравство да подготви и за втората наредна седница на Владата да достави предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.

Во подготвувањето на измените задолжително да бидат вклучени претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа за поглавје 11. Земјоделство и рурален развој и поглавје 12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.

**Точка 16**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за текстот на Протоколот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој, со усогласен текст на Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој.

2. Се определува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи во име на Владата на Република Македонија да го потпише Протоколот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица со незаконски престој.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изготвување на стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акциски план за нејзино спроведување (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерство за правда и Министерство за финансии (Управа за јавни приходи; Царинска управа; Управа за финансиска полиција и Управа за финансиско разузнавање), во рок од седум дена до Министерството за внатрешни работи да достават номинации на двајца претставници од своите институции кои ќе бидат членови на Работна група за изготвување на стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акциски план за нејзино спроведување.

2. Се укажува на Јавното обвинителство на Република Македонија, Агенцијата за управување со одземен имот и Народниот правобранител на Република Македонија, во рок од седум дена, до Министерството за внатрешни работи да достават номинации на двајца претставници од своите институции кои ќе бидат членови на Работна група за изготвување на стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акциски план за нејзино спроведување.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да формира Работна група за изготвување на стратегија на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акциски план за нејзино спроведување, во рок од пет дена од денот на добивањето на номинациите.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдените активности на регионалните бизнис центри, формирани во рамки на центрите за развој на планските региони, ја усвои и го задолжи Министерството за локална самоуправа до декември 2017 година да ја информира Владата за степенот на реализација на активностите утврдени во договорите за поддршка на активностите на регионалните бизнис центри формирани во рамки на центрите за развој на планските региони за 2017 година.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - законот за изменување на Законот за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Арбен Таравари, министер за здравство и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Ангелина Бачановиќ, раководител на сектор во Министерството за здравство.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовна активност „Здружена реакција 17“, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовна активност „Здружена реакција 17“, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Врховниот суд на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Апелационен суд Гостивар за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да го усогласи текстот на истата со Министерство за финансии - Управа за имотно-правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности, согласно новото мислење на Управата за имотно-правни работи.

**Точка 24**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Основниот суд Скопје II - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата по Предлог - одлуката за давање во закуп на недвижна ствар со непосредна спогодба на Здружението – Национален комитет на Меѓународниот Совет за споменици и локалитети – ИКОМОС во Македонија – Скопје го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, поради потребата Министерството за култура да се усогласи со Управата за имотно-правни работи по новиот текст на Предлог-одлуката и дополнителниот материјал.

**Точка 27**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Комисијата за заштита на конкуренцијата која е одговорна за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 145/10, 136/11, 41/14 и 53/16) и Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија, бр. 145/10), го изготви и достави со допис бр.08.879/1 од 30.3.2017 година, Годишниот извештај за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2016 година и писмото на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.01-71/1 од 30.3.2017 година. Годишниот извештај се доставува согласно обврската утврдена во член 26 став 6 од Законот за заштита на конкуренцијата, според кој Комисијата за заштита на конкуренцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија и најдоцна до 31 март до Собранието на Република Македонија поднесува Годишен извештај.

Во Годишниот извештај за работата на Комисијата за 2016 година се содржани информации за надлежностите на Комисијата кои произлегуваат од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, како и информации за реализираните активности на Комисијата на домашен и меѓународен план и финансиски извештај за работењето на Комисијата.

Годишниот буџет на Комисијата за 2016 година, изнесувал 19.629.000 денари, а неговата реализација до крајот на годината изнесува 17.715.596 денари.

Имајќи го предвид информативниот карактер на материјалот и дека истиот се однесува за веќе изминат период, Владата на Република Македонија нема забелешки по текстот на Извештајот.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 во делот „Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост“ од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015 и 23/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на делот „Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост“ од членот 9 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија” бр.46/2004...23/2016) на начин што ќе го укине истиот како противуставен, со образложение дека Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост како пропис престанал да важи сметано од 5.6.2015 година, следствено на што оспорениот дел од одредбата од членот 9 од Законот за Царинската управа упатува на пропис кој повеќе не е дел од правниот поредок кое нешто е спротивно на член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Имено, согласно член 9 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија” бр.46/2004...23/2016), Царинската управа работите од својата надлежност ги врши согласно со овој закон, Царинскиот закон, Законот за царинската тарифа, Законот за акцизите, Законот за даночна постапка, Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стока, како и за извршување на други дејности кои што со други закони и се утврдени во надлежност.

Согласно член 44 став 1 од Законот за царински мерки за спроведување на заштитата на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.88/2015), со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005, 107/2007, 135/2011 и 69/2013). Овој закон влегол во сила на 5.6.2015 година.

Од наведеното произлегува дека Царинската управа работите од својата надлежност ги врши согласно важечката регулатива при што не може да се доведе во прашање владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок.

Во конкретниот случај се работи за закон кој во моментот кога бил донесен бил во сила Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, при што со отпочнување на примена на Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, престанал да важи Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Посочената одредба во наредниот период би требало да биде предмет на терминолошко усогласување во смисла Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална

сопственост да биде заменет со Законот за црински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, кој сега ги уредува прашањата што биле предмет на уредување на посочениот закон.

Во вака настаната правна ситуација, во моментот од влегување во сила на новиот закон кој уредува истородни прашања со законот кој престанал да важи, до нивното терминолошко усогласување всушност во пракса во примена de facto ќе биде новиот закон, иако de jure сеуште не е наведен истиот. Поради тоа, не станува збор за суштинска, туку за терминолошка неусогласеност.

Имајќи го предвид наведеното, согласно својата содржина одредбата на член 9 од Законот за Царинската управа претставува логична и функционална правна целина, со истата не се нарушуваат целите и содржината на прашањата кои се предмет на уредување со овој закон и истите се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 став 1 од Уставот на Република Македонија поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд да ја отфрли предметната иницијатива како неоснована.

**<u>Точка 29</u>**

Владата ја разгледа Понудата од Нотар Катерина Митревска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.3371 за КО Драчево 2 на КП 6530, викано место „Шутдаб“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 30</u>**

Владата ја разгледа  Понудата од нотар Никола Кузманоски за продажба на дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.7 за КО Љубаништа на КП 1347 на викано место/улица „Рајца“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 31</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Стела Лазаревска за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.1001 за КО Усје на КП 904 место викано „Смоквини“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 32</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 33</u>**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија, за период од 31.7.2017 година до

6.8.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

2. По повод укажувањето на Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, а во врска со доставеното Барањето на Собранието на Република Македонија за давање на автентично толкување на член 27 став 5 и 6 и член 28 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), поднесено од пратеникот Африм Гаши, Владата заклучи истото да се разгледа во владина постапка и Министерството за правда веднаш до Владата да достави мислење по предметниот материјал.

3. Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од три дена, да одржи работен координативен состанок со претставници од Министерството за внатрешни работи, ЈП „Македонски шуми"-Скопје, Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Шумската полиција, со цел до Владата да достават акциски план со конкретни мерки и предлози за спречување на бесправната сеча на шумите.

4. По повод препораките од Комисијата за превенирање на последиците од топлотни бранови, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се препорачува на работодавците во деновите за кои е најавена портокалова фаза (до петок, 11.8.2017 година), да ги ослободат од работни обврски бремените жени и лицата постари од 60 години.

2. Се препорачува на работодавците во овие денови да го реорганизираат работното време за градежните работници и други лица кои работат на отворено, со тоа што ќе се одбегнуваат активности во периодот од 11 до 17 часот како и практикување на пауза за одмор на секои 2 часа и консумирање безбедна вода за пиење.

3. Се препорачува на установите за згрижување на децата (градинки) да не практикуваат физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено во периодот од 11 до 17 часот.

4. Се препорачува на единиците на локална самоуправа, Црвениот крст на Република Македонија и центрите за социјална работа, за поактивен пристап и помош на осамени стари изнемоштени лица и бездомници.

5. Владата заклучи, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да се обрати до Државната комисија за спречување на корупцијата, со цел барање на мислење во форма на писмен одговор, за тоа дали постои или не постои законска пречка Владата на Република Македонија да одлучува за одделни прашања со оглед дека од 6 август 2017 година од претседателот на Собранието на Република Македонија е донесено Решение за распишување на

избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје.

6. Владата заклучи, членовите на основните комисии на Владата редовно да присуствуваат на седниците на комисиите, со цел да се обезбеди континуитет во работењето на комисиите, а во случај на нивна спреченост или отсутност, во работата на комисиите да учествуваат замениците на министрите со сите права и должности на работното тело, согласно Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

**Точка 34**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за развој на туризмот на Република Македонија за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогрес на активностите за реализација на проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“ за период 2014 година - 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за регистрирани инциденти на насилство во училиштата и преземени мерки во периодот од 1.4.2017 до 30.6.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за активности на Министерството за внатрешни работи во делот на заштита на права од интелектуална сопственост во периодот од 1.4.2017 до 30.6.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.4.2017 до 30.6.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовна активност „DRAGOON GUARDIAN“, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2017 година, со заклучок Министерството за транспорт и врски номотехнички да го усогласи текстот на Годишната програма со Секретаријатот за законодавство.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**